OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 14 април 2015

## ПРОМОТИВНИ УСЛОВИ НА КРЕДИТИТЕ ЗА НАСЕЛЕНИЕ

**Охридска банка воведе промотивни каматни стапки кај кредитите за население и атрактивни пакети за осигурување. Уникатната понуда на кредити ПЛУС осигурување им овозможува на клиентите да изберат комбинација на поволни услови со дополнителна заштита.**

Охридска банка, групација Сосиете женерал одобрува кредити со кредитно животно осигурување, со намалени промотивни каматни стапки:

- **Станбен кредит** – каматна стапка од 4,55%, фиксна за првите 5 години;
- **Кеш експрес кредит** – каматна стапка од 5,75%, фиксна за првата година;
- **Компакт кредит за рефинансирање** – каматна стапка од 6,35 %, фиксна за првата година;

Паралелно, Охридска банка воведува и нов, **основен пакет** на осигурување со кој за 0,44% осигурителна премија, се покрива ризикот од смрт како резултат на несреќа. Овој пакет е достапен за сите апликанти за станбен кредит. Вообичаениот **целосен пакет** за кредитно животно осигурување, кој изнесува 0,85% годишно од износот на кредитот, останува достапен за сите кредитокорисници.

Промотивните каматни стапки важат за сите нови апликации до **3 јули 2015 година**. Во рамките на кампањата, сите новоодобрени кредити се **без трошоци за одобрување***.

Охридска банка продолжува со своите напори да излезе во пресрет на очекувањата од клиентите со понуда на кредити соодветни на нивните потреби и со едноставен концепт на осигурување. Уникатната понуда со која клиентите имаат на располагање БАНКА ПЛУС ОСИГУРУВАЊЕ, достапна на исто место и во исто време, ќе го збогати пазарот на банкарски услуги во Македонија.

За подетални информации во врска со промотивната понуда, клиентите можат да ги посетат експозитурите на Банката и веб-страницата www.ohridskabanka.mk.

*СВТ за првата година изнесува од 6,81%, а за останатиот период од 9,55%, пресметано на 2.4.2015 година за кеш кредит со кредитно животно осигурување со највисок износ од 600.000 МКД и најдолг рок на отплата од 96 месеци. Месечната рата за првата година изнесува 8.064 МКД, а за останатиот период 8.753 МКД. Вкупниот износ што го плаќа потрошувачот изнесува 832.666 МКД. Каматната стапка е фиксна за првата година и изнесува од 5,75%. Во останатиот период е променлива, по одлука на Банката, а моментално изнесува од 8,30%.
СВТ за првата година изнесува од 7,45%, а за останатиот период од 9,55%, пресметано на 2.4.2015 година за компакт кредит со кредитно животно осигурување со највисок износ од 738.000 МКД и најдолг рок на отплата од 96 месеци. Месечната рата за првата година изнесува 10.139 МКД, а за останатиот период 10.793 МКД. Вкупниот износ што го плаќа потрошувачот изнесува 1.028.938 МКД. Каматната стапка е фиксна за првата година и изнесува од 6,35%. Во останатиот период е променлива, по одлука на Банката, а моментално изнесува од 8,30%.
Трошоци: за меница 500 МКД, за апликација 200 МКД, за одржување трансакциска сметка 20 МКД месечно.
Каматните стапки се различни за различни клиентски групи. За повеќе информации, обратете се до експозитурите на Охридска банка. Информациите во врска со покриените ризици за кредитно животно осигурување се содржани во Општите услови на Мастер полиса 0001. Условите се валидни од 14.4.2015 до 3.7.2015 г.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013